Врз основа на точка 2, подточка 2.2.2/2/4 од Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување, на седница одржана на ден 23.12.2011 година, донесе

# О Д Л У К А
## за утврдување на очекуваниот коефициент на штета

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува очекуваниот коефициент на штета за 2012 година, кој друштвата за осигурување и реосигурување се должни да го применуваат при пресметка на резервите за настанати но непријавени штети со употреба на *Методот на очекуван коефициент на штета* согласно Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010).

### Член 2

Очекуваниот коефициент на штета од член 1 од оваа Одлука изнесува 0,65.

### Член 3

Оваа Одлука ќе биде доставена до друштвата за осигурување и реосигурување и истата ќе биде објавена на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

### Член 4

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето а ќе се применува од денот на влегување во сила на Правилникот за минималните стандарди за пресметка на техничките резерви ("Службен весник на Република Македонија" бр. 158/2010).

**Број 0201-4382/3**

**На ден 23.12.2011 година**
**Скопје**

**Претседател на Совет на експерти на Агенцијата**

д-р Климе Попоски